ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 05.11.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## ПОТВРДА НА УПРАВЕН ОДБОР

## ЗА ЦЕНА НА ДИЈАЛИЗА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

По барање  на пациенти кои обавуваат дијализа во домашни услови ФЗОМ во соработка со пациентите  изработи предлог референтна цени за ацетатна дијализа во домашни услови.

Домашната дијализа овозможува на пациентите зависни од дијализа, истата да ја обавуваат во домашни услови. Пациентите имаат повеќекратни придобивки:  можат да ја обавуваат во било кој ден од текот на денот т.е. кога Нив им одговара; Најчесто во текот на ноќта додека спијат и следниот ден се работо-способни; Немаат трошоци за превоз до центрите за дијализа и заштедуваат време за патувањето; Непостои ризик од интра-хоспитални инфекции и крвно преносливи болести (Хив, Хепатит).

Предлог цената изнесува 2400,00 од третман за една ацетатна дијализа.

Како пример: Просечно потребни дијализи по пациент изнесуваа 13 месечно со што ФЗОМ на пациентите кои обавуваат дијализа во домашни услови им признава 13x2400,00 = 31.200,00 месечно.

Управниот Одбор на ФЗОМ  на седницата од 21.10.2010 година  го потврди износот од 2400,00 денари за еден тратман на ацетатна дијализа во домашни услови и одлуката ќе влезе во сила со објавување во „Службен весник“ а ќе се објави по добивање на согласност од Министерот за Здравство.

Бранко Ациогов
Портпарол